**ПРВАТА ССА ДЕСЕТ ГОДИНИ ПОТОА – ГОЛЕМО ВЛИЈАНИЕ, НЕИЗВЕСНА ПЕРСПЕКТИВА**

**- Резиме на дискусијата од одржана Конференција на 8 април 2011 година -**

На 8 април 2011 година, во организација на ЕПИ, се одржа Конференцијата „Првата Спогодба за стабилизација и асоцијација десет години потоа", по повод десетгодишнината од потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Репубика Македонија и ЕЗ и нејзините држави членки (Луксембург, 9 април 2001 година).

Основна цел на Конференцијата беше да се согледаат резултатите од асоцијацијата по една деценија и нејзините перспективи.

Конференцијата ја отвори министерот за економија д-р Фатир Бесими, а во име на Претседателството на ЕУ се обрати Амбасадорот на Унгарија Н.Е. Ференц Кекеши. На учесниците добредојде им посака директорот на Институтот д-р Малинка Ристевска-Јорданова. Во име на Министерството за надворешни работи се обрати Агнеза Руси - Директор на ЕУ Директоратот во МНР, а од име на Делегацијата на ЕУ - Роберт Лидел, министер советник.

Министерот Бесими го истакна големото значење што Спогодбата го одигра и во политичките и во економските реформи во Република Македонија. Тој истовремено укажа дека мора да се интензивира економскиот раст, зашто со постојното темпо Република Македонија би го достигнала просекот на БДП на ЕУ за седумдесет години.

Учесниците во двата панели – првиот кој се концентираше на политичките прашања и вториот – на економските, се сложија дека Спогодбата битно влијаеше на насоката на реформите во Република Македонија. Меѓутоа, клучно е суштественото прифаќање на вредностите на ЕУ и спроведувањето на усогласените политики и закони. Иако е неспорно значењето на поттикот од ЕУ, вклучително и преку ССА, демократизацијата како суштествен аспект на Процесот на стабилизација и асоцијација треба првенствено да ја водат и поттикнуваат националните политички субјекти – изнесоа дел од дискутантите, повикувајќи се на искуствата на државите од Централна и Источна Европа. Институционализираната соработка преку телата на ССА е оценета како драгоцена - како инструмент за дијалог, но и како процес на учење за пристапот и начините за изнаоѓање решенија и постигнување консензус за усогласувањето и спроведувањето со политиките на ЕУ, екстернализирани со Спогодбата.

Повеќе дискутанти истакнаа дека наметнатиот проблем со името на Република Македонија негативно влијае на севкупната клима и интензитет на реформите насочени кон членство во ЕУ. Влијанието е изразено и на спроведувањето на ССА. Поради несогласувањето на Грција, блокирана е Втората фаза на асоцијацијата. Оттаму, неизвесни се и перспективите на асоцијацијата, како што е предвидена во Спогодбата.

Инаку, на 1 јануари, по постепеното десетгодишно отворање на македонскиот пазар за производите од ЕУ, остварена е слободна трговска зона меѓу Република Македонија и ЕУ, освен за мал број чувствителни производи. Наспроти високото ниво на трговска интеграција со ЕУ, нагласена е сѐ уште ниската конкурентност и ограниченоста на мал број извозни производи – проблем кој има структурен и долгорочен карактер. И покрај бројните донесени стратешки документи и реализирани пректи, резултатите изостануваат. Дискутантите оценуваат дека клучно е македонските институции во континуитет да спроведуваат конзистетни национални политики и мерки за раст на конкурентноста и извозот.

Уводничари и панелисти на Конференцијата беа: проф. д-р Сашо Георгиевски, м-р Радмила Шекеринска (претседател на Националниот совет за евроинтеграции), д-р Димитар Мирчев (советник на претседателот на Републиката), м-р Ивица Боцевски (поранешен вицепремиер за европски прашања), Сашо Клековски (ко-претседавач на Консултативниот комитет на Социјално-економскиот комитет РМ-ЕУ), порф. д-р Силвана Мојсовска, проф. д-р Ванчо Узунов и Љубица Нури (Стопанска комора на Македонија). На Конференцијата учествуваа над шеесет претставници на државни институции, дипломатските претставништва во Република Македонија, невладиниот и деловниот сектор, научници и експерти.

Учесниците на Конференцијата, поздравувајќи го основањето на ЕПИ, укажаа на потребата да се ревитализира јавната дебата за интеграцијата на Република Македонија во ЕУ.